# ПРАКТИКИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

## *ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ*

Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен

Март 2021

*Овој извештај го изготви Здружението за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен во рамките на институционалниот грант добиен преку „Програма за јакнење на граѓанско општество - Цивика Мобилитас“, за јакнење на граѓанскиот сектор во делот на креирање, спроведување и мониторирање на јавните политики и учество на граѓанскиот сектор и граѓаните во процесите на одлучување и градење на политиките. „Програма за поддршка на граѓанско општество - Цивика Мобилитас, проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).*

*Содржината на овој извештај е единствена одговорност на Здружението за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) и „Програмата за поддршка на граѓѓанското општество“.*

NIRAS FCG MACEDONIAN CENTER FOR INTERNATIONAL COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Civica Mobilitas is a Swiss Agency for Development and Cooperation project that is implemented by NIRAS from Denmark, the Macedonian Center for International Cooperation (MCIC) and the FCG Swedish Development AB (FCG Sweden)

**СОДРЖИНА**


**Вовед ..........................................................................................................3**

Цели на истражувањето ......................................................................3

Методолошки пристап ...........................................................................4

**Клучни наоди и заклучоци од спроведено истражување на национално ниво** ........................................................................................................................5

**За истражувањето** .....................................................................................6

**Препораки ............................................................................................ 10**

**Клучни наоди и заклучоци од спроведено истражување на локално ниво...........................................................................................................11**

**За истражувањето ..................................................................................13**

**Препораки .............................................................................................15**

# 1. ВОВЕД

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот институционален грант финансиран преку програмата „Програма за поддршка на граѓанско општество - Цивика Мобилитас, проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

Целта на проектот во областа на граѓанското учество е да поттикне учество на граѓанскиот сектор во одлучувањето и демократизација на процесите во креирањето на културните локални и национални политики.

Со истражувањето се опфатени практиките на Министерството за култура на Република Северна Македонија за финансирање на проекти на граѓански организации и поединци од програмите „Национален интерес во културата“ и „Нов културен бран“ и практиките за финансирање на проекти и манифестации од областа на културата од Буџетот на Општина Струмица.

Истражувањето е спроведено во текот на септември 2020 – февруари 2021 година.

## 1.1. Цели на истражувањето

- Да се оцени нивото на транспарентност на распределба на средствата за поддршка на проекти од областа на културата на граѓански организации и поединци на национално и локално ниво;
- Да се утврдат практиките на Министерството за култура на Република Северна Македонија за финансирање на проекти на граѓански организации и поединци од програмите „Национален интерес во културата“ и „Нов културен бран“ за 2018, 2019 и 2020 година и практиките на Општина Струмица за финансирање на проекти на граѓански организации и физички лица во областа на културата за 2018, 2019 и 2020 година;
- Да се утврди нивото на информираност и степенот на задоволство на граѓанските организации и поединците кои работат во областа на културата од начинот на распределба на буџетските средства наменети за поддршка на проекти и манифестации;
- Да се утврди нивото на вклученост на граѓанските организации во процесите на креирање на стратешки документи од областа на културата на национално и локално ниво.

Оценувањето на досегашните практики овозможува согледување на предностите и слабостите за начинот на распределба на буџетските средства за поддршка на проекти и манифестации

од областа на културата, на степенот на вклучување на засегнатите страни во консултативните процеси и дефинирање на препораки кои ќе придонесат кон подобрување на моменталната состојба и практики.

Предмет на анализа во овој извештај беа:

- Програмите за финансирање на проекти на граѓански организации и поединци на Министерството за култура: „Национален интерес во културата“ и „Нов културен бран“ за 2018, 2019 и 2020 година;
- Програмите за финансирање на проекти и манифестации од Буџетот на Општина Струмица за 2018, 2019 и 2020 година.

**1.2 Методолошки пристап**

За подготовка на овој извештај користени се примарни и секундарни податоци. Информациите се добиени преку десктоп пребарување и истражување на достапни документи на официјалните интернет страници на Министерството за култура и Општина Струмица, како стратегии, јавни повици, одлуки, буџети.

Во септември 2020 година до Министерството за култура на Република Северна Македонија и до Општина Струмица беа испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (БПИЈК).




Како дополнување на истражувањето, беа спроведени и две фокус групи во текот на месец февруари 2021 година. Фокус групите беа спроведени онлајн на платформата Zoom, од кои една со граѓански организации и културни уметници на национално ниво, и втората, со

претставници на граѓански организации и културни работници на локално ниво – Општина Струмица. Секоја фокус група беше со времетраење од 90 минути.

Фокус групите, како квалитативен истражувачки метод послужија за да се добијат квалитативни информации во врска со состојбите и предизвиците кои беа предмет на истражувањето. На фокус групите учествуваа 25 учесници. 15 на национални ниво и 10 кои делуваат на територијата на општина Струмица).

## 2. КЛУЧНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО – МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Во ова поглавје се сумирани клучните наоди од сите фази на истражувањето кои се однесуваат на финансирање на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во областа на културата.

- Иако во Министерството за култура постојат примери на добра практика кога станува збор за објавување на информации поврзани со финансиска поддршка на проекти од наведените програми, истражувањето покажа дека ваквите практики се однесуваат само на објавување на конкурсите и на резултатите за поддржаните проекти.
- Министерството нема пракса да ги објавува записниците од бодирањето на членовите на Комисијата која врши евалуација на пристигнатите проекти.
- Недостасува транспарентност на постапката за избор на членови на комисиите кои вршат евалуација на пристигнатите проектни апликации.
- Граѓанските организации и самостојните културни работници не се вклучени во креирање на критериумите за право на учество, оценување , бодување и за распределба на средствата на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во областа на културата.
- Граѓанските организации немаат пристап до записниците на Комисијата за евалуација на пристигнатите проектни апликации. Сметаат дека Министерството за култура не е доволно транспарентно при распределба на средствата наменети за финансиска поддршка на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во областа на културата.
- Недостасуваат механизми за следење на реализацијата на одобрените проекти. Реализацијата на одобрените проекти се следи единствено преку доставување на извештаи за спроведени активности и потрошени финансиски срредства. Не постои тело за следење на севкупната реализација на одобрените проекти.
- Граѓанските организации и самостојните културни уметници не се задоволни од нивото на имплементација на Националната стратегија за развој на културата (2018 – 2022).

## 3. ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето беше да се утврдат практиките на Министерството за култура на Република Северна Македонија за финансирање на проекти на граѓански организации и поединци од програмите „Национален интерес во културата“ и „Нов културен бран“ за 2018, 2019 и 2020 година, како и степенот на задовлство на граѓанските организации и поединците кои работат во областа на културата од начинот на распределба на буџетските средства наменети за поддршка на проекти и нивото на нивната вклученост во креирање, спроведување и мониторинг на реализацијата на Националната стратегија за развој на културата (2018 – 2022).

### 3.1 Податоци добиени преку десктоп пребарување на официјалната веб страница на Министерство за култура

**Манифестација „Нов културен бран“**

- **2018**

Конкурсот за учество во финансирање на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2018 година ги содржи основните елементи, како:

- Општи одредби
- Право на учество (во овој дел се наведени и областите)
- Временска рамка за одржување на манифестацијата
- Начин и рок на аплицирање
- Задолжителна документација
- Начин за известување на резултатите, потпишување на договор
- Рок за дополнителни информации

Во прилог на објавениот конкурс е приложена и пријавата за апликантите.

Во пријавата е наведено дека приоритет при одлучување ќе имаат учесниците кои доставиле „квалитетна, сеопфатна и разновидна програмска содржина која во својот карактер ќе ги одразува духот на партиципативноста и демократските вредности на едно современо општество“[1]. Ова е единствениот критериум за финансирање на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2018 година.

На веб страната на Министерството за култура не се достапни јавни повици за избор на членови на Комисија за евалуација на пристигнатите проектни апликации. Не се објавени ниту записници од евалуација на проктите и одлуките за распределба на средствата.

[1] http://arhiva.kultura.gov.mk/index.php/konkursi/4010-konkurs-za-ucestvo-vo-finansiranje-na-proekti-za-manifestacijata-nov-kulturen-bran-vo-2018-godina

- **2019**

Министерството за култура на својата официјална веб страница има објавено конкурс за учество во финансирање на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“. За разлика од претходната година, во 2019 објавени се резултатите за поддржаните проекти - табела, која ги содржи следните информации: носител на проектот, наслов на проектот и висината на одобрени средства. Објавени се и имињата на членовите на Комисијата кој ги разгледувала пристигнатите пријави.[2] Сепак, не е објавен записникот од евалуацијата на Комисијата, ниту пак критериумите според кои е извршено оценувањето.

**„Национален интерес во културата“**

- **2018**

Иако на веб страната на министерството е наведено дека конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2018 година бил распишан на 30 септември 2017 година, преку десктоп пребарувањето се утврди дека истиот не е јавно достапен. Меѓутоа, поаѓајќи од фактот што резултатите се јавно објавени, можеби недостапноста до конкурсот се должи на одредени технички проблеми. Освен резултатите, објавен е и составот на комисиите, како и список/ табели со носител, наслов на проектот и побарани и одобрени средства за сите дејности[3].

- **2019**

2019 година е идентична како и претходната 2018 година. Конкурсот не е јавно достапен на веб страната на Министерството за култура, а објавени и јавно достапни се информациите поврзани со резултатите, членовите на комисиите и табелите со носители и наслови на проектите, како и висината на побараните и добиени средства[4].

- **2020**

Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година се објавени на официјалната веб страница на министерството и ги содржат сите потребни елементи. Условите за право на учество се јасно дефинирани. Бодирањето на проектите е еден од елементите кои се опфатени во јавно објавениот конкурс.

Во периодот во кој е извршено истражувањето се уште не беа објавени резултатите на одобрените проекти.

---

[2] http://kultura.gov.mk/objaveni-rezultatite-za-manifestacijata-nov-kulturen-bran-2/
[3] http://kultura.gov.mk/godishna-programa-za-2018/
[4] http://kultura.gov.mk/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%80%d0%b5%d0%b7%d1%83%d0%bb%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%be%d0%b4-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8/

**Националната стратегија за развој на културата 2018 – 2020** е јавно достапен документ[5].

### 3.2 Барања за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер

Во октомври 2020 до Министерството за култура беа доставени вкупно единаесет барања за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер. Од имателот на информации беа побарани следните податоци:

- Објавени јавни повици за финансирање на проекти од Национален интерес во културата и за манифестацијата „Нов културен бран“ за 2018, 2019 и 2020 година;
- Критериуми за оценување на пристигнати предлог проекти за Национален интерес во културата и за манифестацијата „Нов културен бран“ (2018, 2019 и 2020);
- Јавни повици за избор на членови на комисии за оценување на предлог проекти од национален интерес во културата и за манифестацијата „Нов културен бран“ (2018, 2019 и 2020);
- Висина на планирани буџетски средства за финансиска поддршка на проекти за национален интерес во културата и за манифестацијата „Нов културен бран“во 2018, 2019 и 2020 година;
- Висина на потрошени средства за финансиска поддршка на проекти за национален интерес во културата и за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2018, 2019 и 2020 година;
- Реализирани цели од Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за развој на културата (2018 – 2022) во периодот од 01.01.2018 до 01.10.2020 година.

**Заклучоци:**

- Од доставените одговори на БПИЈК од страна на Министерството за култура може да се заклучи дека институцијата не располагала со пишани критериуми за поддршка на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ за 2018 година, освен приоритетот „квалитетна, сеопфатна и разновидна програмска содржина која во својот карактер ќе ги одразува духот на партиципативноста и демократските вредности на едно современо општество“. Од доставената копија на извештајот на Комисијата, се заклучува дека изборот на проекти е извршен врз основа на генерален став на членовите на Комисијата и на „нивните сознанија за активностите на одредени институции, здруженија, организации или автори“, како и врз основа на „регулираните обврски кон Министерството во изминатите години (доставени извештаи за наменско користење на средствата, квалитет и реализација на проектите)“.
- И покрај наведените критериуми за бодирање на пристигнатите проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ за 2019 година, не може да се утврди дали Комисијата се раководела според истите, од причина што Министерството за

[5] https://drive.google.com/file/d/1gfzA76RBOTS1_A00fNn62n352E3nr8kB/view

култура не го достави извештајот за предложените проекти за финансирање, како и извештаите за одбиени и отфрлени проекти .

- Во периодот кога беше доставено БПИЈК за конкурсот во 2020 година, Министерството се уште го немаше распишано истиот.
- Министерството за култура не распишува јавни повици за избор на членови на комисии за оценување на предлог проекти за манифестацијата „Нов културен бран“. Истите се формираат согласно Член 11, став 4 од Законот за култура, согласно кој Министерот/ката за култура може да формира советодавни тела и да ангажира надворешни соработници.

| 2018 | | | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Расходна ставка 464 – Разни трансфери | Планирани (МКД) | Реализирани (МКД) | Расходна ставка 464 – Разни трансфери | Планирани (МКД) | Реализирани (МКД) | Расходна ставка 464 – Разни трансфери | Планирани (МКД) | Реализирани до 16.10.2020(МКД) |
| | 981.542,423 | 943.507,895 | | 1.011.379,948 | 998.733,181 | | 768.356,313 | 482.099,400 |

***Табеларен преглед на Буџет и реализација на Буџетот за преокти од национален интерес во културата за 2018, 2019 и 2020***

### 3.3 Заклучоци од фокус групите

Во текот на февруари 2021 година беше спроведена фокус група со претставници на граѓански организации и самостојни културни работници. Целта на спроведувањето на фокус групата беше да се соберат повеќе детали и да се изврши квалитативна анализа на истражувачката тема, а со тоа да се дадат и подобри и порелевантни препораки за подобрување на тековната состојба. На фокус групата учествуваа вкупно 15 учесници ( 9 жени и 6 мажи).

Преку дискусијата се утврди нивото на информираност и степенот на задоволство од начинот на распределба на средствата наменети за поддршка на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во областа на културата, како и нивото на информираност и на вклученост на граѓанските организации и самостојните културни работници во планирање, спроведување и мониторинг на имплементацијата на Националната стратегија за развој на културата (2018 – 2022).

Ова се главните заклучоци кои произлегоа од дискусијата:

- Граѓанските организации и самостојните културни работници сметаат дека нема доволна дисеминација на информациите за програмите и јавните повиците на Министерство за култура. Единствен извор за пристап до информации е официјалната веб страница на министерството.
- Учесниците не се информирани за висината на планираните и доделените буџетските средства наменети за поддршка на проекти од областа на културата.
- Критериумите на Министерството за култура за поддршка на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во

областа на културата се премногу општи и не се прецизно дефинирани. Постоечките критериуми фаворизираат клиентелизам и аматеризам. Граѓанските организации не се консултирани при процесот на изработка на критериумите и не им познато кој ги креира истите.

- Изборот на членови на комисијата за оценување на проектните апликации е централизиран и политички. Министерството не објавува повик за избор на членови на комисиите. Истите се назначени од страна на министерот/ката за култура.
- Оценувањето на пристигнатите предлог проекти не се врши врз основа на пишани и јасно дефинирани критериуми. Квалитетот на проектите се проценува врз основа на субјективното мислење на членовите на комисијата.
- Транспарентноста на постапката за распределба на средства е на незадоволително ниво. Записниците на комисијата за оценување и бодирање на предлог проектите не се јавно достапни.
- Комуникацијата помеѓу министерството и граѓанскиот сектор е на исклучително ниско ниво.
- Граѓанските организации не биле вклучени во процесот на изработка на Националната стратегија за развој на култура 2018 - 2022. Генарално, консултациите повеќе биле сведени на информативни дебати, на кои е презентирана веќе изработената стратегијата, без можност за прифаќање на дадените забелешки и сугестии.
- Граѓанските организации не се запознаени со нивото на имплементација на Националната стратегија за развој на култура 2018 – 2022.

## 4. ПРЕПОРАКИ

1. Министерството за култура да ги објавува јавните повици/конкурси за финансирање на проекти за манифестацијата „Нов културен бран“ и на проекти од национален интерес во областа на културата на својата официјална интернет страна и на официјалната страна на социјалните мрежи, и најмалку на еден национален медиум.
2. Министерството за култура во соработка со граѓанскиот сектор да изработи јасни критериуми за право на аплицирање и за оценување на предлог проектите.
3. Министерството за култура во соработка со граѓанскиот сектор да утврди јасни механизми за распределба на средствата и механизми за следење на реализацијата на одобрените проекти.
4. Министерството за култура да воспостави пракса на објавување јавен повик за пријавување на членови на комисијата за евалуација на пристигнатите проектни апликации и на критериуми за избор на членови на комисијата/комисиите.
5. Да се формира координативно тело за планирање, промоција, застапување и мониторинг на политики за развој на културата во Република Северна Македонија.
6. Министерството за култура да го почитува законскиот рок за објавување на резултатите од конкурсот и да го запази временскиот рок за потпишување на договорите со добитниците на финансиска поддршка за да можат да започнат со навремена реализација на своите проекти.

7. Министерството за култура да го намали бирократскиот начин на достава на формални документи на апликантите бидејќи апликантите повеќе трошат време на папирологија и да не бара предоговори за склучување за да се докажува реализацијата на проектите бидејќи тоа е променлива категорија.

## 5. КЛУЧНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО – ОПШТИНА СТРУМИЦА

Во ова поглавје се сумирани клучните наоди од сите фази на истражувањето кои се однесуваат на финансирање на проекти и програми во областа на културата од Буџетот на Општина Струмица – Програма К3: Музичка и кинотечна дејност и Програмата Г1: Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, Родова еднаквост и човекови права“ .

- Општина Струмица не објавува јавни повици за финансика поддршка на проекти од областа на културата во рамки на Програмата К3. Буџетски средства за поддршка на проекти се доделуваат врз основа на доставени барања од страна на граѓански организации и физички лица.
- Општина Струмица објавува јавни повици за финансиска поддршка на проекти во рамки на програмата Г1, преку која се финансираат и проекти во областа на културата. Оценувањето на пристигнатите проектни апликации се врши од страна на комисија за спроведување на јавниот повик, врз основа на претходно утврдени критериуми.
- Општината не располага со пишани критериуми за оценување на пристигнати апликации во рамки на програмата К3 и нема формирано комисија за евалуација на предлог проектите.
- Општина Струмица не носи и не објавува одлуки за распределба на средства на проекти на граѓански организации и физички лица поддржани од буџетската програма К3.
- Општината располага со Стратегија за култура и Акционен план за култура за периодот 2016 – 2020. Во изработката на истата учествуваа и претставници на граѓанскиот сектор. Новата Стратегија за култура 2017 – 2022 е идентична со претходната и за истата не се консултирани претставниците на граѓанскиот сектор.
- Граѓанските организации немаат пристап до записниците за распределба на финансиките средства. Сметаат дека транспарентноста на Општина Струмица при процесот на распределба на средства наменети за финансиска поддршка на проекти од областа на културата е на исклучително ниско ниво.
- Недостасуваат механизми за следење на реализацијата на одобрените проекти. Не постои тело за следење на севкупната реализација на одобрените проекти.
- Не постои тело за соработка помеѓу граѓанските организации и Општина Струмица за планирање, креирање, застапување и мониторинг на политики од областа на културата.
- Граѓанските организации и самостојните културни уметници не се задоволни од нивото на имплементација на Стратегијата за култура 2016 – 2020, а воопшто не се запознаени и информирани за Стратегијата за култура на Општина Струмица 2017 - 2022.

## 6. ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето беше да се утврдат практиките на Општина Струмица за финансирање на проекти на граѓански организации и поединци од буџетските програми К3: Музичка и кинотечна дејност и Г1: Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, Родова еднаквост и човекови права" за 2018, 2019 и 2020 година, како и степенот на задовлство она граѓанските организации и поединците кои работат во областа на културата од начинот на распределба на буџетските средства наменети за поддршка на проекти и нивото на нивната вклученост во креирање и спроведување на стратешки културни политики и во мониторинг на реализацијата на Стратегијата за култура на Општина Струмица.

### 6.1 Податоци добиени преку десктоп пребарување на официјалната веб страница на Општина Струмица

**<u>Програма К3: Музичка и кинотечна дејност</u>**

- **2018**

На официјалната веб страна на Општина Струмица не се објавени јавни повици за финансиска поддршка на проекти од областа на културата, ниту пак одлуки за поддржани проекти и висина на доделените средства.

- **2019**

Ниту во 2019 година Општина Струмица нема објавено јавни повици за финансиска поддршка на проекти од областа на културата, ниту пак одлуки за поддржани проекти и висина на доделените средства.

- **2020**

Општина Струмица во 2020 нема објавено јавни повици за финансиска поддршка на проекти од областа на културата, ниту пак одлуки за поддржани проекти и висина на доделените средства.

**<u>Програма Г1: Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, Родова еднаквост и човекови права"</u>**

- **2018**

Јавниот повик за финансирање проекти од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2018 година ги содржи сите потребни елементи: право на учество, методологија за распределба на средствата, вредност на проекти, потребна документација и сл. Објавена е одлука за распределба на средствата во која се наведени носителите, насловите на проектите и висината на добиените средства. Записникот на Комисијата за спроведување на јавниот повик не е достапен на веб страната на општината.

- **2019**

Јавниот повик за финансирање проекти од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2019, исто како и во 2018 година, ги содржи сите потребни елементи: право на учество, методологија за распределба на средствата, вредност на проекти, потребна документација и сл. Објавена е одлука за распределба на средствата во која се наведени носителите, насловите на проектите и висината на добиените средства. Записникот на Комисијата за спроведување на јавниот повик не е достапен на веб страната на општината.

- **2020**

Јавниот повик за 2020 година е објавен на веб страната на Општина Струмица[6]. Покрај основните елементи, повикот содржи и насоки за апликантите и правила за реализација на одобрените проекти.

**Стратегијат за култура 2017 - 2022** е објавена на веб страницата на Општина Струмица[7].

**6.2 Барања за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер**

Во октомври 2020 до Општина Струмица беа доставени вкупно четиринаесет барања за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер (БПИЈК). Од имателот на информации беа побарани следните податоци:

- Висина на планирани средства за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и на физички лица во областа на културата во 2018, 2019 и 2020 година;
- Висина на потрошени средства од Буџетот на Општина Струмица за финансиска поддршка на проекти, барања и манифестации на здруженија на граѓани и на физички лица во 2018, 2019 и 2020;
- Одлуки за распределба на средствата и критериуми врз основа на кои е извршена евалуација и распределба на буџетските средства;
- Процедурата за начинот на аплицирање, оценување, одлучување и доделување на финансиски средства од Буџетот на општината за поддршка на проекти, активности, идеи и манифестации од областа на културата (Програма К3) за 2018, 2019 и 2020 година;
- Постапка на изработка и усвојување на Стратегијата за култура 2017 – 2022 година;

[6] https://strumica.gov.mk/%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BA-6/
[7] https://strumica.gov.mk/strategija-za-kultura-2017-2022

- Реализирани цели од Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за култура 2015 - 2020 година.

**Заклучоци:**

- Од доставените одговори на БПИЈК  се заклучува дека Општина Струмица не располага со методологија за поддршка на проекти од областа на културата за 2018 година, 2019 и 2020 година (со исклучок на проектите финансирани од Програмата Г1). Право на аплицирање има секоја граѓанска организација или физичко лице.
- Општината не објавува јавни повици, барањата се доставуваат во текот на цела година, се одобруваат во текот на годината во која се доставени или влегуваат во годишната програма за следната година, со одобрување на седница на Советот.
- Советот на општина Струмица нема донесено одлуки за финансиска поддршка на проекти од областа на културата преку грантови.
- Општина Струмица не располага со критериуми за оценување на пристигнатите апликации од областа на културата поддржани од буџетската Програма К3.
- Без критериуми за оценување на пристигнатите проектни апликации, од буџетската програма К3, општината доделува средства на физички лица, граѓански организации  и институции од областа на културата. Висината на доделените средства се движи од 50.000 денари до 3 милиони денари.
- Најголем дел од средствата од програмата К3 во 2019 година се доделени за организирање на манифестацијата „Струмица Опен Фестивал" – три милиони денари. За останатите години општината не ги достави побараните информации.
- Стратегијата за култура на Општина Струмица 2017 – 2020 година е усвоена без претходи консултативни процеси со засегнатите страни. Содржината на истата е идентична со содржината на претходната стратегија  (2015 – 2020).

**6.3 Заклучоци од фокус групите**

Во февруари 2021 година беше спроведена фокус група со претставници на граѓански организации и самостојни културни работници. Целта на спроведувањето на фокус групата беше да се соберат повеќе детали и да се изврши квалитативна анализа на истражувачката тема, а со тоа да се дадат и подобри и порелевантни препораки за подобрување на тековната состојба. На фокус групата учествуваа вкупно 10 учесници 6 жени и 4 мажи).

Дискусијата придонесе за утврдување на нивото на информираност на учесниците и степенот на задоволство од начинот на распределба на средствата наменети за поддршка на проекти во областа на културата од Буџетот на Општина Струмица, како и нивото на информираност и на вклученост на граѓанските организации и самостојните културни работници во консултативните процеси на  планирање и изработка на Стратегијата за култура 2017 – 2022 и спроведување и мониторинг на имплементацијата на Стратегијата за култура 2015 – 2020..

Главни заклучоци  од дискусијата:

- Постои исклучително ниско ниво на транспаретност во почетниот стадиум од постапката за доделување на средствата. Општината не објавува јавни повици, што овозможува нееднаков пристап до буџетските средства и можност за фаворизирање на одредени организации и/или физички лица.
- Учесниците не се информирани за висината на планираните и доделените буџетските средства наменети за поддршка на проекти од областа на културата.
- Општина Струмица воопшто не е транспарентна во процесот на распределба на буџетски средства за финансиска поддршка на проекти од областа на културата.
- Не е познато колку средства се предвидени за организирање на манифестацијата „Струмица Опен Фест" и врз основа на кои критериуми однапред е определено здружението на кое секоја година се доделуваат средства за организирање на оваа манифестација.
- Комуникацијата помеѓу Општина Струмица и граѓанскиот сектор е на незадоволително ниво.
- Граѓанските организации не се информирани и запознаени за усвојувањето на новата Стратегија за култура (2017 – 2022) и не биле вклучени во изработката на истата.

## 7. ПРЕПОРАКИ

1. Општина Струмица во соработка со граѓанскиот сектор да ги дефинира приоритетите во областа на културата и да креира методологија за поддршка на проекти од областа на културата;
2. Општината да објавува јавните повици за финансирање на проекти од областа на културата на својата официјална интернет страна и на официјалната страница на социјалните мрежи, и најмалку на еден локален медиум;
3. Општина Струмица во соработка со граѓанскиот сектор да изработи јасни критериуми за право на аплицирање и за оценување на предлог проектите;
4. Општината во соработка со граѓанскиот сектор да утврди јасни механизми за распределба на средствата и механизми за следење на реализацијата на одобрените проекти;
5. Да се формира независно тело за евалуација на пристигнатите проектни аплиакции;
6. Да се формира локално координативно тело за планирање, промоција, застапување и мониторинг на политики за развој на културата во Општина Струмица. Локалното тело да биде координирано од страна на граѓанска организација која е активна и препознатливо во јавноста во полето на промоција и застапување на културни политики.